**Влада на Република Северна Македонија**

**Бр.44-8118/10**
Скопје, 9 ноември 2020 година

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

С К О П Ј Е

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Осумнаесеттата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 9 ноември 2020 година**

„ТОЧКА 1: Записник од Десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 9 ноември 2020 година

Владата го разгледа Записникот од Десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 9 ноември 2020 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 9 ноември 2020 година, со следниве изменувања на заклучоците под реден број 2 и 3 и тоа:

- Владата на Република Северна Македонија упатува барање до Министерството за одбрана за ангажирање на армиски службеници, со навршени 45 години, кои ќе се вклучат како поддршка на Министерството за здравство во делот на одржување на редот и обезбедувањето на здравствените институции.

- Се побарува од Министерството за одбрана и Генерал штабот на Армијата на Република Северна Македонија, за потребите на Министерството за здравство, за определен временски период да отстапи одреден број на санитетски возила, со возачи, заради справување со последиците од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

2. Времената мерка од член 12 став (2) од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, односно забраната за собирање во групи (групирање) на повеќе од четири лица на јавен простор, односно паркови, јавни површини или било каде на отворен простор, наместо по 21.00 часот, да трае во текот на целиот ден, цела седмица.

Исклучоци од оваа забрана се однесуваат:

1. за родители со деца од исто семејство;

2. при организирање настава на отворено како дел од формалното образование во образовните институции и установи за згрижување на деца;

3. при чекање на постојка за превоз на патници;

4. при професионални спортски тренинзи и натпревари;

5. при организирање и одржување на службени собири (состаноци, работилници, обуки, конференции, седници и сл.) кои се неопходни за да се обезбеди континуирано работење на институциите, деловните субјекти и други организации;

6. при вршење работни задачи од вработени лица во есенцијални служби како полиција, војска, противпожарна служба, обезбедување, здравство и слично;
7. на лица затекнати во вршење работни задачи при давање прва помош во животно – загрозувачки состојби;

8. при пристапување во економски оператори во нивните капацитети, простории/објекти заради добивање услуга, чекање во ред пред оператор и слилчно, со одржување на дозволеното минимално растојание од најмалку 1,5 до 2 метри при добивање на услугата и

9. вршење на други активности кои се утврдени во и се одвиваат со задолжително почитување на времените мерки, наредените мерки и наменските протоколи, планови и алгоритми за постапување согласно оваа одлука.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.“

ПРИЛОГ 1: - Записник од ГККШ

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ДОСТАВЕНО И ДО:
- сите државни институции
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа
- Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија
- стопанските комори во Република Северна Македонија

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Контролирал: м-р Биљана Цоневска / м-р Ирма Мандева
Согласен: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Одобрил: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 9 ноември 2020 година

Архивски број: 08 - 1386/10

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: 09-11-2020
44-8118/10

**З А П И С Н И К**

**од Десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 9 ноември 2020 година**

На 9 ноември 2020 година (понеделник), со почеток во 9.00 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, за координација со економските ресори и инвестиции, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

врски, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Беким Максути, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија и Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Бљерим Кољаљи и Тоше Зафиров, советници на Претседателот на Република Северна Македонија.

На овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциска врска преку употреба на интернет комуникација, не учествуваа м-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политичките прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и д-р Фатмир Бесими, министер за финансии.

* * *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:**

Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

**Точка 2:**

Прашања и предлози

*    *    *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација.

Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

*    *    *

**По однос на точката 1 од Дневниот ред,** доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализацијата на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Во однос на моменталната епидемиолошка состојба во државата, министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, информираше дека со состојбата на клиниките и здравствените установи низ државата констатирано е значително зголемување на бројот на ново заразени лица, а сите надлежни институции тековно ги следат состојбите низ здравствените установи во Република Северна Македонија и интензивно се следат епидемиолошките текови и состојби во нашата држава.



Канцеларија на Претседателот на Владата
на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3123 371
www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

Исто така, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, побара на денешната седница на Владата да се измени одредбата која се однесува за забрана за собирање во групи (групирање) на повеќе од четири лица на јавен простор, односно паркови, јавни површини или било каде на отворен простор, која немсто по 21.00 часот, да трае во текот на целиот ден, цела седмица.

Исто така, Мила Царовска, министер за образование и наука, информираше дека состојбите во ресорот образование се стабилни, со отпочнувањето на учебната година доследно се почитуваат и спроведуваат планот и протоколите и наставата се одвива непречено и се преземени соодветни здравствени мерки за надзор врз потврдените позитивни случаи во ресорот образование.

На оваа дискусија се надоврза и д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, која информираше за состојбите при згрижување и воспитување на деца во детските градинки.

Исто така, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, укажа на потребата на денешната седница на Владата, Владата да упати барање до Министерството за одбрана за ангажирање на армиски службеници, со навршени 40 години, кои ќе се вклучат како поддршка на Министерството за здравство во делот на одржување на редот и обезбедувањето на здравствените институции.

Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, информираше во врска со Барањето доставено од Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи, за кое Министерството за транспорт и врски ќе достави одговор по предметното барање.

* * *

Согласно доставените материјали, информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **На наредната седница на Владата, да се разгледа предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, за изменување и дополнување на член 12 став (2) од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, <u>односно забраната за собирање во групи (групирање) на повеќе од четири лица на јавен простор, односно паркови, јавни површини или било каде на отворен простор, немсто по 21.00 часот, да трае во текот на целиот ден, цела седмица и со точно дефинирани исклучоци од оваа забрана.</u>**

2. **На наредната седница на Владата, Владата да упати барање до Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија за ангажирање на армиски службеници, со навршени 40 години, кои ќе се вклучат како поддршка на Министерството за здравство во делот на одржување на редот и обезбедувањето на здравствените институции.**

3. **Министерството за одбрана, за потребите на Министерството за здравство во справување со последиците од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, за определен временски период да отстапи одреден број на санитетски возила.**

4. **Главниот координативен кризен штаб го разгледа Одговорот на Барањето на Државниот здравствен и санитарен испекторат, доставено од Кабинетот на Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и ги донесе следниве заклучоци:**


Канцеларија на Претседателот на Владата
на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2009
SGS

**4.1. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да определи шест административни службеници од редот на вработените во Генералниот секретарјат на Владата на Република Северна Македонија, за обезбедување на помош и поддршка на Државниот здравствен и санитарен инспекторат при изготвување и испраќање на решенијата за позитивни лица од COVID-19 и решенијата за контакти по добивање на епидемиолошки анкети од регионалните центри за јавно здравје (три административни службеници определени за помош и поддршка за територијата за општина Чаир и три административни службеници за помош и поддршка на главната дирекција на Државниот здравствен и санитарен инспекторат).**

**4.2. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија податоците за определените административни службеници, во рок од два дена од приемот на овој заклучок да ги достави до Државниот здравствен и санитарен инспекторат.**

**4.3. Со цел комплетно извршување на работните задачи на определените лица, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија на определените лица да им обезбеди лаптопи и службени мобилни телефони, а определените лица работните обврски од точката 4.1. од овој заклучок ќе ги извршуваат од своите работни места.**

**4.4. Определените административни службеници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да се заменат со други нови шест административни службеници на секои два месеци, поради обезбедување на континуитет во работата. Доколку определеното лице од оправдани причини е отсутно од работа, да се определи друго лице на негово место и за тоа да се извести Државниот здравствен и санитарен инспекторат.**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

4.5. Определените лица од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, работните обврски од точката 4.1. од овој заклучок, ги извршуваат секој работен ден, сабота и недела како и за време на празници согласно потребите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, односно по принцип на ротирање на неделна основа.

4.6. Координацијата, постапката и начинот на изготвување и испраќање на решенијата го определува и координира одговорен инспектор од Државниот здравствен и санитарен инспекторат.

5. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Податоците за констатирани прекршоци за не носење лична заштита на лицето во период од 7.00 часот на 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 ноември 2020 година, до 7.00 часот на 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 ноември 2020 година, со збирни табели на констатирани прекршоци, доставени од Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност.

6. Главниот координативен кризен штаб се информираше со дневните извештаи, доставени од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, за 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 ноември 2020 година, како и со работната табела за периодот од 2 ноември 2020 година до 8 ноември 2020 година.

7. Главниот координативен кризен штаб се информираше со дневните извештаи, доставени од Државниот инспекторат за труд, за 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 ноември 2020 година.

8. Главниот координативен кризен штаб се информираше со работната табела за периодот од 2 до 8 ноември 2020 година, доставена од Агенцијата за храна и ветеринарство.

**9. Го разгледа Заклучокот за усвојување на Информација за состојбата со КОВИД-19 на подрачје на Општина Куманово, заклучно со 30.09.2020 година, донесен од Советот на Општина Куманово, под бр.09-6669/5 од 28 октомври 2020 година и истиот го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, со цел доставување одговор по предметниот Заклучок.**

**10. Го разгледа Барањето доставено од Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи, под бр.03-442/1 од 4.11.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство и Општина Тетово, со цел заземање став по содржината на истото и доставување на одговор до Комисијата.**

* * *

**<u>По однос на точката 2 од Дневниот ред,</u>** немаше прашања, ниту предлози.

* * *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*    *    *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација е воден записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА**

Влада на Република Северна Македонија - Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut * Скопје-Shkup

**Зоран Заев**



Канцеларија на Претседателот на Владата
на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3123 371
www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

Врз основа на член 28 став (8) и член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 ноември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена**

**Член 1**

Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/20), во член 12 во ставот (2) зборовите „во периодот по 21.00 часот," се бришат.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Забраната од став 2 на овој член, не се однесува:

1. за родители со деца од исто семејство;

2. при организирање настава на отворено како дел од формалното образование во образовните институции и установи за згрижување на деца;

3. при чекање на постојка за превоз на патници;

4. при професионални спортски тренинзи и натпревари;

5. при организирање и одржување на службени собири (состаноци, работилници, обуки, конференции, седници и сл.), кои се неопходни за да се обезбеди континуирано работење на институциите, деловните субјекти и други организации;

6. при вршење работни задачи од вработени лица во есенцијални служби како полиција, војска, противпожарна служба, обезбедување, здравство и слично;

7. на лица затекнати во вршење работни задачи при давање прва помош во животно – загрозувачки состојби;

8. при пристапување во економски оператори во нивните капацитети, простории/објекти заради добивање услуга, чекање во ред пред оператор и слично, со одржување на дозволеното минимално растојание од најмалку 1,5 до 2 метри при добивање на услугата и

9. вршење на други активности кои се утврдени во и се одвиваат со задолжително почитување на времените мерки, наредените мерки и наменските протоколи, планови и алгоритми за постапување согласно оваа одлука.".

Ставот 3 станува став 4.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-8118/2
9 ноември 2020 година
Скопје

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Artan Grubi